# ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

## ПОГЛАВЈЕ 27

Европската Унија ги има некои од највисоките еколошки стандарди во светот. Притоа, политиката и законодавството на ЕУ за животната средина ги штитат природните живеалишта, ги одржуваат воздухот и водата чисти, обезбедуваат соодветно отстранување на отпадот, го подобруваат знаењето за токсичните хемикалии и им помагаат на бизнисите да се движат кон одржлива економија. Европската Унија формулира политики и стратегии, а спроведува и климатски политики, преземајќи водечка улога во меѓународните преговори за спречувањето на климатските промени.

Поглавјето 27 – Животна средина и клима го сочинуваат над 200 правни акти кои се групирани во десет поединечни подрачја:

**1)** **хоризонтално законодавство,**

**2)** **квалитет на водата,**

**3)** **квалитет на воздухот,**

**4)** **управување со отпад,**

**5)** **заштита на природата,**

**6)** **контрола на индустриското загадување и управувањето со ризиците;**

**7)** **хемикалии,**

**8)** **бучава,**

**9)** **цивилна заштита и**

**10)** **климатски промени.**

Покрај групирањето во поединечните подрачја, правните акти од поглавјето можат да се групираат и околу 72 главни правни акти (директиви и регулативи) околу кои се водат преговорите и се прават главните напори за хармонизација.

# 1. ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

Подрачјето на хоризонталното законодавство регулира различни, повеќе процедурални прашања, кои предвидуваат методи и механизми насочени кон подобрување на одлуката и вклученост, како и гаранција на законодавен развој.

Вкупното законодавство во подрачјето се групира околу 8 главни правни акти.




Регулативата од секторот опфаќа:

- Оценка на влијанието врз животната средина и стратешка оцена врз животната средина;
- Пристап до информации за животната средина, пристап до правдата во врска со заштитата на животната средина и вклученост во одлучувањето;
- Еколошка одговорност и инспекциски надзор, регистар на загадувачи и инфраструктура за просторни и други информации во врска со животната средина; и др.

## 2. КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

Водата е една од најсеопфатно регулираните области во европското законодавство за животна средина. Почетоците на политиката за води датираат од 1970-тите кога започна усвојувањето на политичките програми. Паралелно со политичките програми во 1970-тите, започна и првиот бран на законодавство, а беше усвоена Директивата за површинските води од 1975 година.

Вкупното законодавство во подрачјето се групира околу 9 главни правни акти.




Во рамките на подрачјето забележуваме два различни пристапи кои се разликуваат според целта, а во некои од актите се интегрираат.

- Целниот пристап за квалитетот на водата ги дефинира минималните барања за квалитет на вода за да се ограничи кумулативното влијание на емисиите. Затоа, овој пристап се фокусира на одредено ниво на квалитет на вода кое, во пропишаната состојба и употреба, не е штетна за животната средина или здравјето на луѓето.

- Пристапот за гранична вредност на емисијата (ELV) се фокусира на максимално дозволените количини на загадувачи кои можат да се испуштаат од одреден извор во водната средина. Овој пристап всушност го гледа крајниот производ на процесот (третман на отпадни води, испуштањата од индустријата, ефектот на земјоделството врз квалитетот на водата) или кои количини на загадувачите може да одат во водата.

## 3. КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ

Подрачјето започна да се развива во 1992 година кога Европската комисија си постави за цел да постигне одржлив развој и да ја трансформира економијата. Оваа цел била утврдена со 5-та акциона програма за животна средина „Кон одржливост“. Со планот биле опфатени пет целни сектори (индустрија, енергија, транспорт, земјоделство и туризам), а бил фокусиран на седум теми и цели.

Во подрачјето има 29 правни акти што се групираат околу 5 главни правни акти и ја претставуваат основата на истото. Со овие инструменти се регулираат следните аспекти на темата:

- амбиентален воздух;
- квалитет на горивата;
- автомобилски издувни гасови и одобренија;
- стакленички гасови и шема за тргување;
- емисии од испарливи органски соединенија.



# 4. УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Законодавството од областа е насочено кон обезбедување соодветна мрежа на безбедни и легални капацитети за отстранување и искористување на отпадот. Притоа главните цели се намалување и подобро управување со одредени текови на отпад, а ќе бидат постигнати со пренасочување на биоразградливиот отпад од депонии и собирање стари и отпадни возила, отпад од електрични и електронски апарати и опрема, планирање и развој на потребните организациски аранжмани и капацитети за опоравување итн.

Во подрачјето има 12 главни правни акти.




Законодавството за управување со отпад може да се групира низ хиерархија во која рамката ја претставуваат Рамковната директива за отпад и Директивата за опасен отпад. Додека директивите ќерки можат да се групираат во две групи: директиви кои се однесуваат на специфични видови отпад и директиви кои регулираат постапки за издавање на дозволи. Конечно, во третата група, се директивите кои се однесуваат на трговијата и транспортот на отпад во и надвор од ЕУ.

# 5. ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Главната цел на одредбите од ова подрачје е заштита на дивите видови и нивните живеалишта. Притоа со европското законодавство се гарантира заштита на биолошката разновидност така што избраните видови и нивните живеалишта се одржуваат во „поволен статус на зачувување“.

Подрачјето за заштита на природата опфаќа вкупно 10 директиви и регулативи на ЕУ.




Со одредбите на европското законодавство:

- се заштитува загрозена ендемична, ретка, ранлива и загрозена флора и фауна;
- се заштитува живеалишта од значење за Унијата, кои се во опасност да исчезнат во нивниот локален или регионален опсег или се извонредни примери за био-географски региони;
- се регулира трговијата со ретка или загрозена флора и фауна.

# 6. КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕТО СО РИЗИЦИТЕ

Процесите на индустриското производство придонесуваат за значителен дел од целокупното загадување во Европа (**за емисии на стакленички гасови и супстанции за закиселување, емисии на отпадни води и отпад**). Законодавството во ова подрачје утврдува цел за минимизирање на загадувањето од различни индустриски извори, притоа утврдувајќи најдобри достапни техники, воведувајќи систем на дозволи преку кој индустриските капацитети се насочуваат кон постапки и производство кое придонесува за намалување на загадувањето и контрола на ризиците.

Во подрачјето сите акти се групираат околу 8 главни директиви и регулативи.



# 7. ХЕМИКАЛИИ

Европската Унија има сеопфатно законодавство за хемикалии чија цел е високото ниво на заштита на здравјето на луѓето и животната средина. Притоа, во рамките на актите од подрачјето се регулираат прашања, како што се:

- биоциди;
- пестициди,
- фармацевтски производи или козметика.

Дополнително, во законодавството се вклучуваат и предизвиците од хемикалиите кои се мешаат во хормонскиот систем кај луѓето и предизвикувајќи негативни ефекти врз нашето здравје.

Целокупното законодавство од подрачјето се групираат околу 6 главни правни акти.



## 8. БУЧАВА

Главниот фокус на ова подрачје од поглавјето 27 е намалувањето на бучавата преку употреба на задолжителни технички стандарди за производите. Притоа, најважните правни алатки се воспоставените граници за емисија на бучава за одредени производи, како што се: моторни возила, мотоцикли, гуми, авиони, апарати за домаќинство и надворешна опрема.




Дополнително, две нови области се утврдените оперативни ограничувања поврзани со бучавата на аеродромите; како и создавањето на карти за бучава и акциони планови со цел да се намали бучавата од околината.

Законодавството во подрачјето се групира околу еден правен акт.

# 9. ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

Законодавството на Европската Унија за цивилна заштита има за цел создавање на систем преку кој подобро ќе се одговори на природните и вештачките катастрофи на брз, однапред планиран и ефективен начин и на тој начин да се зголеми безбедноста на граѓаните на ЕУ. Унијата ја регулира оваа област поради растечкиот тренд на природни и вештачки катастрофи, поради преоптовареноста на националните капацитети, а со цел обезбедување на предвидлив и сигурен систем на европско ниво. Усвоените акти од ова подрачје ставаат голем акцент на превенцијата од катастрофи, управувањето со ризици и подготвеноста за катастрофи, вклучително и организација на обуки, вежби за симулација и размена на експерти, но и создавање на групи од волонтери како капацитети за одговор. од страна на државите-членки.

# 10. КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ.

Политиката за климатска акција на ЕУ ги насочува регионалните и националните напори за ублажување и прилагодување на климатските промени. Севкупноста на правните акти од ова подрачје во поглавјето 27 се засноваат на Конвенцијата на ООН за климатски промени, дополнителниот протокол од Кјото и Парискиот договор.

Правните акти од ова подрачје се фокусираат на: трговијата со емисии, националните цели за секторите кои не се предмет на трговија со емисии (т.н. споделување на напорите) и Стратегијата за адаптација на ЕУ.

Во подрачјето има 13 главни прописи, а од скоро беше усвоена и нова регулатива која го претставува првиот Климатски законик на Европската Унија.



„Овој брифинг документ е изработен во рамки на проектот „ЕУ опсерваторија – поглавје 27“ финансиски поддржан од Фондацијата Отворено општество – Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите, и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.“

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

PRESPA ПРЕСПА ИНСТИТУТ INSTITUTE